# Упатени работници во **секторот Градежништво**

## Знајте ги своите права и обврски



EUROPEAN LABOUR AUTHORITY

- **Дали вообичаено работите во друга земја членка на ЕУ од онаа во која сте ангажирани?**
- **Дали вашиот работодавец ве испраќа во друга земја членка на ограничен временски период?**
- **Штом ќе ја завршите вашата задача, дали планирате да се вратите во земјата членка каде што е базиран вашиот работодавец?**

Ако одговоривте потврдно на овие прашања, веројатно сте **упатен работник.**

# Ако сте упатен **работник**, имате конкретни права.

Следниве услови за вработување на земјата членка домаќин важат за упатените работници:

- наградување, вклучително и саатница за прекувремена работа;
- максимални работни часови и минимални периоди за одмор;
- минимален платен годишен одмор;
- здравје, безбедност и хигиена при работа;
- услови за ангажирање работници, (на пр. ангажирање на привремен персонал преку агенции);
- услови за бремени жени, жени кои неодамна родиле, деца и млади луѓе (на возраст под 18 години);
- еднаков третман на мажи и жени и други правила за спречување на дискриминација;
- услови за сместување, доколку ги обезбеди вашиот работодавец;
- надоместоци и надомест за покривање на патни трошоци, пансион и сместување во земјата членка домаќин. Ова важи ако од вас се бара да патувате за време на упатувањето или да патувате до и од вашето редовно работно место во земјата членка домаќин и ако тоа е редовен третман за работниците во вашата земја членка домаќин.

Условите на вашата земја членка **домаќин важат само ако се поповолни од оние на вашата матична земја членка.**

## Како упатен работник, еве што **МОРА ДА НАПРАВИТЕ:**

- Земете го вашиот „преносен документ А1“ (PD A1): вашиот работодавец треба да аплицира за PD A1 во ваше име од институцијата за социјално осигурување во матичната земја членка. PD A1 потврдува дека останувате покриени со системот за социјално осигурување во вашата матична земја членка.
- Ако вашето упатување трае подолго од 3 месеци, мора да го пријавите вашето живеалиште кај органите на земјата членка домаќин. Времето поминато на упатување нема да акумулира право на постојан престој. За државјани на трети земји може да важат различни правила.
- Информирајте се за колективните договори: во зависност од вашата земја членка домаќин и земјата членка на вашиот работодавач, може да имате право на права преку колективни договори.

## Како упатен работник, еве што **НЕ МОРА** да правите:

- Ако сте државјанин на ЕУ, Европската економска област (од Исланд, Лихтенштајн и Норвешка) или Швајцарија, не ви треба работна дозвола.
- Не треба да ви се признаваат професионалните квалификации. Сепак, можеби ќе треба да направите писмена изјава за некои професионални вештини, на пример за ракување со кранови, специјални лифтови или машини за дупчење.
- Не треба да се регистрирате кај органите за социјално осигурување во земјата членка домаќин. Вие останувате осигурени во вашата матична земја членка. За време на вашето упатување не акумулирате никакви дополнителни права од социјално осигурување, како што се право на пензија или право на бенефиции за невработеност во вашата земја членка домаќин.

Ако сте државјанин на трета земја, пред да бидете упатени, потребна ви е работна дозвола за земјата членка каде што е сместен вашиот работодавец. Потоа, за вас важат истите услови како и за другите упатени работници кои се државјани на ЕУ.

# Што да направите **во случај на проблем?**

Доколку не сте добиле плата или сте биле недоволно платени, можете:

- Да се обидете да го решите проблемот, со вашиот работодавец во вашата матична земја членка и со изведувачот во вашата земја членка домаќин, **бидејќи истите може да бидат одговорни** да ги почитуваат овие обврски.
- Контактирајте со трудовиот инспекторат на вашата земја членка домаќин **или матична земја и поднесете жалба или поведете судска постапка.** Ова може да се направи дури и по завршувањето на вашето упатување и од вашата матична земја членка.

**За повеќе информации, посетете ја веб страницата „Твојата Европа“, а за помош, консултирајте се со списокот на национални администрации достапни таму.**

https://europa.eu/!pbjb3x



**Земја членка домаќин:**
Земјата каде што ја вршите вашата работа.
Ова е различно од:



**Матична земја членка:**
Земјата каде што нормално работите и каде што е базиран вашиот работодавач.



**Долгорочно упатување:**
Доколку сте упатени повеќе од 12 месеци, се применуваат скоро сите услови за вработување во земјата членка домаќин. Сепак, вашиот работодавец може да издаде известување за продолжување на времетраењето на вашето редовно упатување од 12 на 18 месеци, одржувајќи ги истите услови за вработување. Ова продолжување е на дискреционо право на надлежните органи.

**Здравје и безбедност при работа:**
Мора да бидете обучени и информирани за ризиците по безбедноста и здравјето при работа на јазик што го разбирате. Мора да ви биде обезбедена и соодветна лична заштитна опрема итн.

За повеќе информации посетете ја веб страницата на Европската агенција за БЗР (EU-OSHA)



European Labour Authority

Landererova 12,
811 09 Bratislava,
Slovakia

info@**ela**.europa.eu

www.**ela**.europa.eu

https://www.facebook.com/**europeanlabourauthority**

@**EU_ELA**

https://www.linkedin.com/company/**european-labour-authority**

EURES

**eures**.ec.europa.eu

facebook.com/**EURESjobs**

@**EURESjob**

youtube.com/user/**EURESjob**

linkedin.com/company/**eures**

instagram.com/**euresjobs**

**MK**

Publications Office of the European Union

Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2023
© European Labour Authority, 2023
Images: Cover, © Siberian Art/stock.adobe.com; © Boyko.Pictures/stock.adobe.com
Print: ISBN 978-92-9401-479-5 | doi:10.2883/327 | HP-05-23-046-MK-C
PDF: ISBN 978-92-9401-419-1 | doi:10.2883/397766 | HP-05-23-046-MK-N